| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Пролетно будење |
| **Содржина на денот** | Црвено лале |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Адријана Станков |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за постојано и правилно миење на рацете во градинка и дома, како најдобро би го заштитиле своето здравје. Кога сме излезени од домот, зошто мораме да носиме маска и зошто одржуваме физичко растојание со другарчињата во градинка. |
| **Активности** | Направете една прошетка со Вашето дете до некоја цвеќара или пазар,и покажете му го лалето. Заедно набљудувајте и именувајте го. Опишете го неговиот изглед –долго зелено стебло, широки листови и цвет како чашка кој може да биде во разни бои, и понудете му да го помириса. Ако не сте во можност да излезете, покажете му го лалето на фотографии од интернет страни.<br>Во домашни услови можете со Вашето дете да играте ликовна игра-печатење на лале. За истата ќе ви бидат потребни лист од блок, компир, темперна боја и четка. На детето дајте му лист од блок и поттикнете го со четка и зелена боја да прави вертикални линии, кои ќе асоцираат на стебленцата и ливчињата на лалињата. Компирот пресечете го на половина, нацртајте го цветот на лелето, околу непотребната површина издлабете ја со ноже, така што ќе остане само цветот. Понудете му на детето да одбере боја и од истата истурете во плитко чинивче. Детето нека зема од бојата со компирот и нека печати лалиња на листот. Пофалете ја изработката,и кажете му дека ја направило најубавата цветна градина со лалиња. |